РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-183/1
12-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-1621/1 од 27.05.2025 година, оформен по пријава против Комисија за оценка на магистерски труд при Универзитетот „Св. ------------- -------------"- --------------- поради сомневање за фалсификување на службени документи, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај постапил друг надлежен орган, кој извршил инспекциски надзор над постапката и за констатираните неправилности го известил Основното јавно обвинителство Скопје.

Предметот со број 12-1621/1 од 27.05.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 27.05.2025 година, доставена е пријава против Комисија за оценка на магистерски труд формирана од Наставно-научниот совет на факултетот за ------------------ - ----------------- ----------------- при Универзитетот „Св. --------------------------"- -------------, во која се изнесени наводи за сомневање за фалсификување на документи поврзани со одбрана на магистерска работа на кандидатот ---------------- ---------------------, и оформен е предмет број 12-1621/1 од 27.05.2025 година.
Во конкретниот случај станува збор за сомневање дека членовите на Комисијата, ред. проф. д-р -------------- ------------------ ред. проф. д-р ----------- ------------------ и ред. проф. д-р ---------------- -------------, ја злоупотребиле својата службена положба и овластување кога Извештајот за оценка на магистерскиот труд заведен под број 04-290/1 од 21.05.2025 година

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

го изготвиле за само два дена од одбраната и истиот го потпишале со датум од месец април 2025 година, кога се уште не се знаело кои лица ќе бидат членови на Комисијата.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по оформениот предмет, ДКСК побара од Државниот инспекторат на РСМ да постапи во рамките на своите законски надлежности и да спроведе инцпекциски надзор во врска со наводите изнесени во доставената пријава, како и да достави Записник со известување за евентуално преземени мерки при истиот.

По барањето на ДКСК доставен е одговор со прилог документација и по разгледување на целокупната документација по предметот констатирано е следното:

Државниот просветен инспекторат на РСМ постапил за предметниот случај по доставена анонимна пријава од 27.05.2025 година и од страна на овластен просветен инспектор на 04.06.2025 година бил извршен вонреден инспекциски надзор на Факултетот за ---------------- - ----------------- ------------------- при Универзитетот „ Св. ----------- ----------------“- --------------. При извршениот надзор била утврдена фактичка состојба и биле констатирани неправилности во работењето на субјектот на надзор, што значи дека се потврдени пријавените наводи за сомневање за фалсификување на службени документи.
За констатираните неправилности, државниот просветен инспектор со допис од 10.06.2025 година, го известил Основното јавно обвинителство Скопје и на нивно запознавање и натамошно надлежно постапување ја доставил претставката заедно со изготвениот Записник од извршениот надзор број ИП1 бр. 31-470 од 09.06.2025 година.

Имајќи во предвид погоре констатираното, ДКСК утврди дека за случајот е постапено од страна на друг надлежен орган, Државен просветен инспекторат, кој постапил согласно своите законски надлежности, извршил инспекциски надзор по наводите од пријавата и за утврдените неправилности во предметната постапка го известил Основното јавно обвинителство Скопје заради продолжување со постапувањето за предметниот случај.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал: Ј.Ц, Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: Б.Ц., Член на ДКСК
Доставено до:
- Подносителот на пријавата